# Блумова таксономија на глаголи за мерење на учењето

Бенџамин Блум создал таксономија со која се наведуваат глаголите што помагаат во опишувањето и класифицирањето на **знаењето, вештините, ставовите, однесувањето и способностите**. Оваа теорија се базира на идејата дека постојат видливи активности што покажуваат дека умот работи (учи). Со поставување на образовни цели користејќи ги овие глаголи, експлицитно се опишува што треба да научи ученикот.

**Глаголи со кои се демонстрира критичко размислување**

| ПОМНИ | РАЗБИРА | ПРИМЕНУВА | АНАЛИЗИРА | СИНТЕТИЗИРА | ВРЕДНУВА |
|---|---|---|---|---|---|
| знае | искажува | користи | споредува | дизајнира | носи судови |
| дефинира | преведува | вклучува | разликува | планира | вреднува |
| повторува | идентификува | интерпретира | одвојува | предлага | проценува |
| именува | објаснува | драматизира | категоризира | формулира | ревидира |
| се потсетува | препознава | црта | проценува | организира | оценува |
| набројува | дискутира | вежба | експериментира | составува | одбира |
| подвлекува | опишува | илустрира | тестира | конструира | рангира |
| забележува | кажува | демонстрира | проверsва | подготвува | одмерува |
| поврзува | лоцира | применува | дебатира | раководи | споредува |
| | известува | распоредува | прашува | управува | одлучува |
| | прегледува | | критикува | | |
| | | | поврзува | | |
| | | | пресметува | | |
| | | | решава | | |



**Валентина Петрова**

Во следните табели, ќе ги најдете критериумите и стандардите за оценување. Оштите критериуми важат за сите предмети, но тука се однесуваат на предметот македонски јазик.

В. Петрова

**Општи критериуми на оценувањето**

| оценка | критериум |
|---|---|
| прво ниво **доволен 2** | Знаењата на ученикот се однесуваат на **запомнување** и **репродуцирање.** Ученикот покажува способности знаењето да го искаже со свои зборови и да го применува на наједноставни задачи. ***ПОМНИ*** |
| второ ниво **добар 3** | Знаењата на ученикот, покрај тоа што се однесуваат на запомнување и репродуцирање, опфаќаат и **разбирање** и **сфаќање** на наставните содржини, а ученикот покажува способност за **примена на знањата за решавање на едностavни задачи.** ***РАЗБИРА*** |
| трето ниво **многу добар 4** | Знаењата на ученикот се однесуваат на целосно запомнување и репродуцирање, разбирање и сфаќање на наставните содржини. Исто така, ученикот покажува способност за **примена на знаењата за решавање на задачи од познати и нови елементи,** како и способност за **средување и комбинирање елементи во нови целини**. ***ПРИМЕНУВА*** |
| четврто ниво **одличен 5** | Знаењата на ученикот се **над 90% од содржините** од наставната програма на ниво на запомнување, репродуцирање, разбирање и сфаќање. Ученикот ги применува знаењата за решавање задачи со познати и нови елементи. Ученикот може да средува и комбинира елементи во нови целини и **покажува способност за вреднување на оправданоста или научноста на некое тврдење или дело.** ***АНАЛИЗИРА*** |

Ова се индикатори за стандардите за различните нивоа на знаење на учениците од VII одделение за предметот ***македонски јазик*** за учебната 2015/16 година поделени по подрачја, теми и нивоа. Изработени се од Бирото за развој на образованието, а прилагодени од предметниот наставник.

**Јазик**

| оценка | историја и дијалектологија | фонетика и фонологија | морфологија | синтакса | речник и стил |
|---|---|---|---|---|---|
| оценка 2<br>прво ниво<br>**ПОМНИ** | - знае за варијантите на старословенскиот јазик;<br>- разликува текст напишан на некој од македонските народни говори наспрема уметничките текстови. | - разликува слоговно и неслоговно ***р;***<br>- разликува вид на согласки според начинот на образување;<br>- знае точно да ги акцентира зборовите. | - препознава зборови од именската група;<br>- разликува граматички категории кај глаголите; | - разликува подмет и прирок како главни членови во реченицата;<br>- лоцира предмет и атрибут во реченицата. | - разликува синоними, антоними, пароними, хомоними и неологизми. |
| оценка 3<br>второ ниво<br>**РАЗБИРА** | - препознава специфичности на македонската варијанта (ерови,носовки). | - препознава која согласка, според начинот на образување, ќе ја пишува на крајот од зборот;<br>- дава примери за точно акцентирање на сложените зборови;<br>- препознава отстапување од трисложното акцентирање. | - поврзува граматички категории кај именската група зборови;<br>- дава примери за граматички категории кај глаголите и кај именките;<br>- поврзува придавки во соодветна форма во составот на именската група. | - објснува глагол во функција на прирок;<br>- дава примери со предмет во реченицата;<br>- поврзува именки со соодветни атрибути; | - објаснува синоними, антоними, пароними, хомоними и неологизми. |
| оценка 4<br>трето ниво<br>**ПРИМЕНУВА** | - покажува примери (зборови) со еровите и носовките и нивно преминување во ***о*** и ***е.*** | - применува правила за анцентирање на сложените зборови и на броевите. | - менува имеки од една во друга множина (од обична во збирна и избројана);<br>- прави трансформација на несвршени во свршени глаголи и обратно. | - толкува лични од нелични глаголски форми;<br>- применува атрибути во творењето. | - применува синоними, антоними, пароними, хомоними и неологизми во изразувањето. |
| оценка 5<br>четврто ниво<br>**АНАЛИЗИРА** | /// | - пребарува сложени туѓи зборови одредувајќи го акцентот. | - поврзува исти глаголи поставени на временската оска (минатост, сегашност, иднност);<br>- споредува бројни форми за лица. | - менува начински глаголски форми од еден во друг вид;<br>- истражува значење на предмет и атрибут во реченица. | - споредува лексичко и граматичко значење на зборовите. |

**Литература**

| оценка | поезија | проза |
|---|---|---|
| оценка 2<br>прво ниво<br>**ПОМНИ** | - разликува видови лирски песни според мотивот;<br>- цитира рими во песни;<br>- именува стилски фигури во творби. | - разликува фабула од содржина;<br>- именува раскажувач во прво и во трето лице;<br>- чита митови, легенди и преданија;<br>- разликува комедија, трагедија и современа драма. |
| оценка 3<br>второ ниво<br>**РАЗБИРА** | - дискутира за мотиви во лирските песни;<br>- објаснува организација на стихови во строфи (дистих, тристих, катрен, итн.);<br>- толкува стилски фигури. | - дискутира за тема и идеја во текст;<br>- објаснува форма на раскажување (раскажувач во прво лице, трето лице, сезнаечки);<br>- препознава мит, легенда и предание;<br>- прераскажува фабула и содржина на текст. |
| оценка 4<br>трето ниво<br>**ПРИМЕНУВА** | - користи знаења за лирски песни при творењето;<br>- применува знаења за стилски фигури при изразувањето и творењето;<br>- користи визуелни и аудитивни елементи. | - се обидува да формулира тема и идеја;<br>- применува форми на раскажување во прво и во трето лице;<br>- толкува елементи на мит, предание и легенда;<br>- драматизира текст. |
| оценка 5<br>четврто ниво<br>**АНАЛИЗИРА** | - анализира композиција на лирска творба;<br>- пребарува примери со видови рими според акцентот и примери со стилски фигури. | - споредува видови драми;<br>- прави ѕиден весник групирајќи творби од македонскиот фолкор. |

**Изразување и творење**

| оценка | раскажување, прераскажување, опишување и известување |
|---|---|
| оценка 2<br>прво ниво<br>**ПОМНИ** | - дава пример за раскажување, прераскажување, опишување и известување. |
| оценка 3<br>второ ниво<br>**РАЗБИРА** | - прераскажува хронолошки и ретроспективно;<br>- опишува лик, личност пејзаж;<br>- разликува соопштение, вест, директен и индиректен исказ. |
| оценка 4<br>трето ниво<br>**ПРИМЕНУВА** | - демонстрира стилски збогатено хронолошко и ретроспективно раскажување и прераскажување;<br>- детално опишува лик, личност, предмет, природна појава;<br>- прави трансформација на директен во индиректен исказ и обратно; |
| оценка 5<br>четврто ниво<br>**АНАЛИЗИРА** | - анализира постапки на лик и личност;<br>- подредува поинакво продолжување или крај на текст;<br>- критикува;<br>- дебатира за гледана претстава (филмска, театарска) или ТВ-емисија; |

**Медиумска култура**

| оценка | видови филмови и видови емисии (радио и ТВ), делови од печатено дело |
|---|---|
| оценка 2<br>прво ниво<br>**ПОМНИ** | - разликува видови филмови (според намената и содржината; цртан и документарен филм). |
| оценка 3<br>второ ниво<br>**РАЗБИРА** | - прераскажува филмови, забавни радио и ТВ-емисии;<br>- препознава делови на книгата. |
| оценка 4<br>трето ниво<br>**ПРИМЕНУВА** | - толкува филмови, претстави, емисии (од радио и ТВ);<br>- толкува делови на книгата. |
| оценка 5<br>четврто ниво<br>**АНАЛИЗИРА** | - анализира содржина и ликови во фимовите;<br>- дава критики за претстави, радио и ТВ-емисии. |